РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 0931 - 14086/1
05-10 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 15, став (1), алинеја 11 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/13, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/19) директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ИНТЕРНО УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА НИПП

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Цели на користење на социјалните мрежи

Член 1

Со ова интерно упатство се уредува начинот на користење на социјалните мрежи во Одделението за Национална инфраструктура на просторните податоци (НИПП) во функција на поврзување со корисниците на НИПП заради зајакнување на свеста за НИПП, зголемување на бројот на корисници на НИПП-геопорталот, промоција и подобрување на збирките на просторни податоци и услугите за просторни податоци.

### Дефиниции

Член 2

Одделни изрази употребени во ова упатство го имаат следното значење:

**„Социјални мрежи“** се интернет базирани медиуми/платформи преку кои се врши поврзување по електронски пат со пријателите, семејството, колегите, корисниците и други целни групи за социјални и деловни цели.

**„Одделение за НИПП“** е организациона единица во Агенцијата за катастар на недвижности надлежно за административно-техничка поддршка на НИПП.

**„НИПП-профил на социјална мрежа“** е официјален профил на Националната инфраструктура на просторните податоци на Република Северна Македонија на социјалните мрежи кој го опишува интересот на НИПП, експертизата, професионалните корисници, статусот на НИПП, неодамнешните активности и географската локација.

„**НИПП-уредувач за социјални мрежи**“ (во натамошниот текст уредувач) е лице вработено во Одделението за НИПП/член во НИПП работните групи или друго лице кое ја создало/креирало информацијата која треба да се постави и да се објави на социјалните мрежи.

„**Следбеници**“ се сите посетители на НИПП-профилот кои одбираат да добиваат информации од овој профил.

„**Запис**“ е текстуална, аудио или видеосодржина со информации и фотографија/и што отсликува конкретна активност која е директно или индиректно поврзана со НИПП.

## II. СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ

### Видови социјални мрежи

Член 3

Социјални мрежи во смисла на ова упатство се: Фејсбук (Facebook), Твитер (Twitter), Линкдин (LinkedIn), Јутјуб (YouTube) и други.

### Фејсбук

Член 4

(1) Фејсбук е услуга за социјално вмрежување и веб-страница каде што луѓето можат да создаваат профили, да споделуваат информации, фотографии и цитати за себе, да одговараат на прашања или да се поврзуваат со информациите објавени од други.

(2) Регистрираните корисници можат да објавуваат информации, да им се допаѓаат објавените информации (like) и да ги споделуваат (share), а нерегистрираните корисници немаат пристап до страницата.

### Твитер

Член 5

(1) Твитер е услуга за микроблогирање и социјално вмрежување каде што корисниците објавуваат и комуницираат преку пораки познати како „твитови“.

(2) Регистрираните корисници можат да објавуваат информации, да им се допаѓаат објавените информации (like) и да ги споделуваат (retweet), а нерегистрираните корисници можат само да ги читаат.

## Линкдин

Член 6

(1) Линкдин е општествена мрежа за професионално поврзување и развој на кариера и им овозможува на оние што бараат работа да објавуваат свои биографии, а на работодавците да објавуваат работни места.

(2) Регистрираните корисници можат да објавуваат информации, да им се допаѓаат објавените информации (like) и да ги споделуваат (share), а нерегистрираните корисници немаат пристап до мрежата.

## Јутјуб

Член 7

(1) Јутјуб е платформа за споделување видеозаписи на интернет (видеоклипови, клипови за ТВ-емисии, музички видеа, кратки и документарни филмови, аудиозаписи, преноси во живо и друга содржина како видеоблогирање, кратки оригинални видеа и едукативни видеа) која им овозможува на корисниците да поставуваат, прегледуваат, оценуваат, споделуваат, додаваат во плејлисти, пријавуваат и коментираат видеа и да се претплаќаат на други корисници.

(2) Платформата нуди широк спектар на видеа создадени од корисници и медиуми.

(3) Регистрираните корисници можат да објавуваат видеозаписи, да им се допаѓаат објавените видеозаписи (like), да ги споделуваат видеозаписите (share), а нерегистрираните корисници можат само да ги гледаат/слушаат.

## Креирање и управување со НИПП-профил на социјалните мрежи

Член 8

(1) На социјалните мрежи Фејсбук (Facebook), Твитер (Twitter), Линкдин (LinkedIn), Јутјуб (YouTube) и други, соработникот за комуникација со медиуми креира НИПП-профил преку електронската пошта: nipp@katastar.gov.mk

(2) На НИПП-профилот задолжително се поставуваат логоата на НИПП и на Агенцијата за катастар на недвижности.

(3) Со профилите од став (1) на овој член управува соработникот за комуникација со медиуми вработен во Агенцијата за катастар на недвижности, преку поставување и објавување на записи поврзани со НИПП и нивно следење.

(4) За непречено функционирање на НИПП-профилот, во случај на отсуство на соработникот за комуникација со медиуми, со профилите управува раководителот на Одделението за НИПП.

## III. НИПП-ЗАПИСИ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ

### Креирање запис пред објавување

Член 9

(1) Записот (аудио, видео или текст) креиран од страна на уредувачот задолжително содржи наслов, име и презиме на уредувачот и реден број/година на записот.

(2) Содржината на записот може да е подготвена во форма на информација, соопштение, најава, извештај, упатство и друго.

(3) Записот може да се однесува на следните НИПП-активности:

- настан: конференција, работилница, тренинг, обука, состанок, седница, прифаќање/потпишување на документи и слично;
- реализација на: план, програма, проект, договор, закон, подзаконски акт и слично;
- едукација: платформа, софтверски алатки, техничко-технолошки документи, материјали од областа, препораки и слично; и
- друго.

(4) Записот треба да содржи точни, прецизни и недвосмислени информации и фотографии за активност поврзана со НИПП и дава јасна слика за активноста за која се однесува.

### Одобрување и објавување на записот

Член 10

(1) Записот од член 9 уредувачот го доставува по е-пошта до раководителот на Одделението за НИПП заради негово одобрување во соработка со раководител на сектор/државен советник.

(2) По одобрување на записот, раководителот на Одделението за НИПП го доставува до соработникот за комуникација со медиуми заради евентуална корекција и објавување.

(3) Социјалните мрежи на кои ќе биде објавен записот, ги одредуваат раководителот на Одделението за НИПП и соработникот за комуникација со медиуми.

### Надгледување на НИПП профилот

Член 11

(1) Соработникот за комуникација со медиуми го надгледува НИПП профилот на социјалните мрежи заедно со вработените во Одделението за НИПП.

(2) Воочените непристојни, дрски и безобразни коментари, како и содржините кои се противуставни, противзаконски и спротивни од правилата на социјалната мрежа, а се објавени на НИПП-профилот од страна на следбениците или други лица, соработникот за комуникација со медиуми ги брише од коментарите во објавата.

(3) Доколку некој во континуитет коментира непристојно, се блокира во листата на пријатели.

### Чување на записот

Член 12

Записот кој се објавува на социјалните мрежи трајно останува таму, а дополнително се чува во електронска форма во Одделението за НИПП.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по неговото објавување на НИПП-геопорталот.

**Изготвиле:**
Ирена Стефановска ______
Сема Ислами ______
Стефанија Гоџова ______

**Одобриле:**
Викторио Јаковлески ______
Сузана Ивановска-Киранџиска ______
Соња Димова ______

**Директор**

**м-р Борис Тунцев**